# КОНКУРС ЗА УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА 61. ИНТЕРНАЦИОНАЛНА ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА ВО ВЕНЕЦИЈА ВО 2026 ГОДИНА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА „ВЕНЕЦИСКО БИЕНАЛЕ“ (LA BIENNALE DI VENEZIA)

**Врз основа на член 64 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18),**
**Министерството за култура и туризам објавува**

## КОНКУРС
## ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ПРОЕКТ ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА ОД ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА ЗА УЧЕСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА 61. ИНТЕРНАЦИОНАЛНА ЛИКОВНА ИЗЛОЖБА ВО ВЕНЕЦИЈА ВО 2026 ГОДИНА ВО ОРГАНИЗАЦИЈА НА „ВЕНЕЦИСКО БИЕНАЛЕ“ (LA BIENNALE DI VENEZIA)

### I. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

Министерството за култура и туризам објавува Конкурс за финансирање проект од национален интерес во културата од областа на меѓународната соработка за учество на Република Северна Македонија на 61. Интернационална ликовна изложба во Венеција, што ќе се одржи од 9 мај до 22 ноември 2026 година во организација на „Венециско биенале“ (La Biennale di Venezia) https://www.labiennale.org/en/architecture/2025.

Министерството за култура и туризам ќе обезбеди средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година за учество во финансирање проект во една од следниве категории:

**1. Изложба/проект на автор**

**2. Изложба/проект на група автори.**

### II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА КОНКУРСОТ

- Право на учество на Конкурсот имаат исклучиво правни лица со проекти/изложби од категориите наведени во овој конкурс. Правното лице задолжително треба да има склучено договор за регулирање на авторските права со авторот/авторите на изложбата/проектот.


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.”Gjuro Gjakoviq” nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 549
www.kultura.gov.mk

- Под правни лица се подразбираат установи од областа на културата (национални, локални или приватни), здруженија, сојузи, асоцијации и други правни лица регистрирани во Република Северна Македонија за вршење дејност од областа на културата во согласност со закон.
- Учесникот на Конкурсот (доколку бил корисник на средства од Буџетот на Министерството за култура и туризам) треба да ги има исполнето преземените обврски кон Министерството за култура и туризам во последните 3 години.
- Приоритетите и условите што треба да ги исполни подносителот на пријавата се утврдени во Конкурсот.
- Потребната задолжителна документација со која се докажува исполнувањето на приоритетите и на условите е утврдена во пријавата, која е составен дел од Конкурсот.

## III. НАЧИН НА АПЛИЦИРАЊЕ И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

- Пријавувањето на проектот се врши со поднесување пополнета пријава за учество на Република Северна Македонија на 61. Интернационална ликовна изложба во Венеција во 2026 година во организација на „Венециско биенале“ (La Biennale di Venezia).
- Пријавата треба да се преземе од веб-локацијата на Министерството за култура и туризам (www.kultura.gov.mk) и да се пополни електронски со впишување податоци на означеното место.
- Пријавите може да се достават до Министерството за култура и туризам по пошта (ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, 1000 Скопје), со датум на поштенскиот жиг, или лично во писарницата на Министерството најдоцна до 15:30 часот во работните денови.
- Нема да бидат разгледувани следниве пријави: доставени по истекот на рокот на Конкурсот, пополнети на несоодветен образец, нецелосно пополнети и нецелосни пријави – без приложени документи што задолжително се бараат. Материјалите доставени со пријавите на Конкурсот не се враќаат.
- **Конкурсот ќе трае од 31.5.2025 година заклучно до 30.6.2025 година.**

## IV. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД КОНКУРСОТ

- Резултатите од Конкурсот ќе бидат објавени на веб-локацијата на Министерството за култура и туризам.
- Сите учесници ќе бидат и писмено известени за резултатите од Конкурсот со решение на Министерството за култура и туризам.


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.”Gjuro Gjakoviq” nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 549
www.kultura.gov.mk

## V. ПРОЦЕНТ НА УЧЕСТВО НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ ВО ФИНАНСИРАЊЕТО НА ПРОЕКТОТ

Процентот на учество на Министерството за култура и туризам во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на меѓународната соработка за учество на Република Северна Македонија на 61. Интернационална ликовна изложба во Венеција, што ќе се одржи од 9 мај до 22 ноември 2026 година во организација на „Венециско биенале" (La Biennale di Venezia), е во согласност со средствата предвидени за оваа намена во Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година по одделни области и активности.

## VI. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

Дополнителни информации во врска со Конкурсот може да се добијат во Секторот за меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО на телефонскиот број: 02/3240 549 или на следната е-адреса: lj.stefanovska@kultura.gov.mk.


Министерство за култура и туризам на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 549
www.kultura.gov.mk